## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на членовите 42 став 5, 43 став 2, 44 став 2, 48 став 2 и 49 став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 81/08, 20/09 и 57/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПАСОШИ ЗА РАСТЕНИЈА *

* Со овој правилник се врши усогласување со одребите на Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата, број 32000L0029; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2001/33/ЕЗ на 8 Мај 2001 година, број 32001L0033; изменета и дополнета со Директивата бр.2002/28/ЕЗ од 19 март 2002 година, број 32002L0028; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2002/36/ЕЗ на 29 април 2002 година, број 32002L0036; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2002/89/ЕЗ од 28 ноември 2002 година, број 32002L0089; изменета и дополнета со Директивата бр.2003/22/ЕЗ од 24 март 2003 година, број 32003L0022; изменета и дополнета со Регулативата на Советот (ЕЗ) бр.806/2003 од 14 април 2003 година, број 32003R0806; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2003/47/ЕЗ на 4 јуни 2003 година, број 32003L0047; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2003/116/ЕЗ од 4 декември 2003 година, број 32003L0116; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/31/ЕЗ од 17 март 2004 година, број 32004L0031; изменета и дополнета со Директивата бр.2004/70/ЕЗ од 28 април 2004 година, број 32004L0070; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2004/102/ЕЗ на 5 октомври 2004 година, број 32004L0102; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр. 2005/15/ЕЗ од 28 февруари 2005 година, број 32005L0015;изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/16/ЕЗ на 2 март 2005 година, број 32005L0016; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2005/77/ЕЗ од 11 ноември 2005 година, број 32005L0077; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/14/ЕЗ од 6 февруари 2006 година, број 32006L0014; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2006/35/ЕЗ од 24 март 2006 година, број 32006L0035; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2007/41/ЕЗ од 28 јуни 2007 година, број 32007L0041; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2008/64/ЕЗ од 27 јуни 2008 година, број 32008 L0064; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата 2008/109/ЕЗ од 28 ноември 2008 година, број 32008L0109;

изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр. 2009/7/ЕЗ на 10 февруари 2009 година, број 32009L0007; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2009/118/ЕЗ на 9 септември 2009 година, број 32009L0118; изменета и дополнета со Директивата на Советот бр.2009/143/ЕЗ од 26 ноември 2009 година, број 32009L0143; изменета и дополнета со Директивата на Комисијата бр.2010/1/ЕУ од 8 јануари 2010 година, број 32010L0001; Директива на Комисијата бр. 92/105/ЕЗ од 3 декември 1992 година за воведување на степен на стандардизација на пасош за растенија кој се користи за движење на одредени растенија, растителни про- изводи или други објекти во Заедницата, и воведување на детални процедури повтрзани со издавањето на вакви пасоши за растенија и условите и деталните процедури за нивна замена, број 31992L0105; изменета и дополнета со Директива на Комисијата бр.2005/17/ ЕЗ од 2 март 2005 година што изменува одредени одредби од Директивата бр. 92/105/ЕЗ во врска со пасошите за растенија, број 32005L0017.

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за добивање овластување за издавање пасош за растенија, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на лица кои издаваат пасоши за растенија, формата и содржината на пасошите за растенијата, формата, содржината, начинот и роковите за известување, како и временските периоди за чување на документите на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и времетраењето на чувањето пасоши од купувачите на растенија, растителни производи и други објекти и предмети.

## II. Форма и содржина на образецот на барањето за добивање овластување за издавање пасош за растенија

### Член 2

(1) Барањето за добивање овластувања за издавање на пасош за растенија се издава на образец во А4 формат во бела боја.

(2) Кон Барањето од став (1) на овој член се доставуваат:

- важечко решение за упис во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и доделенот единствен шестоцифрен регистарски број;

- потврдата за основно познавање на здравјето на растенијата на лицето одговорно за здравјето на растенијата на штетните организми, за нивната контрола и за прописите за здравјето на растенијата; и

- формално известување (записник, писмо, нота) од фитосанитарен инспектор.

(3) Содржината на образецот на Барањето од став (1) на овој член е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## III. Форма, содржина и начин на водење на евиденција на лица кои издаваат пасоши за растенија

### Член 3

Евиденција на лица кои издаваат пасоши за растенија се води во форма на книга со тврди корици во црвена боја, на евиденциски листови во бела боја со А3 формат кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

### Член 4

(1) На предната страна на книгата со златна боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани зборовите: „Република Македонија“; „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство“; „Фитосанитарна управа“; „Евиденција на лица кои издаваат пасоши за растенија“.

(2) Во евиденциските листови се внесуваат податоците кое ги содржи барањето за добивање овластување за издавање пасоши за растенија.

(3) Содржината на евиденција на лица кои издаваат пасоши за растенија е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Евиденција на лица кои издаваат пасоши за растенија се води во пишана и електронска форма.

## IV. Формата и содржината на пасошите за растенијата

**Член 6**

(1) Пасошот за растенија се состои од службена етикета или службена етикета со придружен документ.

(2) Службената етикета се прикачува на секое посебно растение, растителен производ и други објекти и предмети или на нивното пакување (амбалажа) или со придружните документи на средството за превоз, на начин истата да не може да биде повторно употребена.

(3) Службената етикета не треба да биде претходно употребена и треба да биде изработена од соодветен материјал во поглед на издржливоста, водоотпорноста и на други влијанија од околината (УВ) зраци. Производителот може сам да ја определи формата на етикетата за растенијата, како и материјалот од кој таа ќе биде изработен, бојата и другите податоци.

(4) Придружен документ може да биде секој документ кој вообичаено се користи во трговија и кој е придружен документ на средството за превоз.

**Член 7**

(1) Прописите кои се применуваат за маркетинг- трговија за определено сертифицирано семе и саден материјал на земјоделски растенија и шумски репродуктивен материјал се применуваат за изгледот на етикетата, содржината, бојата, големината и начинот на прикачувањето.

(2) Службената етикета издадена за растенија од Листата V дел А секција 1 и 2 точка 1 се прикачува на секое поединечно растение или сноп или на најмалата можна единица на пакување со намена за продажба на мало.

**Член 8**

(1) Пасошот за растенија односно потеклото на праткaта на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, службената етикета за растенија треба да ги содржи следните податоци:

1. Ознака „Пасош за растенија на Република Македонија“;

2. Кодот на државата „МК“;

3. Ознака „Фитосанитарна управа - МЗШВ“ или „PHYTOSANITARY ADMINISTRATION - MAFWE“;

4. Регистерски број на сопственикот;

5. Сериски, неделен или реден број на партијата;

6. Ботаничко име;

7. Количина;

8. Во случај на пратката наменета за одредна заштитена зона во службената етикета треба да стои ознака „ZP“(пасош за растенија важечки за определена заштитена зона), името или кодот на одредената заштитена зона, имињата или кодовите на сите заштитени зони за кои пратката ги исполнува условите и сериските броеви на штетните организми од листите за заштитени зони за кои пратката ги исполнува условите.

9. Во случај кога на пратката треба да биде издадена замена на пасошот за растенијата во службената етикета треба да стои ознака „RP“регистарскиот број на издавачот на оригиналниот пасош за растенија поради заштита на деловна тајна наместо регистарскиот број на издавачот на оригиналниот пасош за растенија издавачот, може да употреби кодови и ознаки за снабдувачите, за кои води записник и кое треба да подлежи на претходно одобрение од Управата во овластувањето за издавање на пасоши за растенија.

10. Потекло на увезени пратки на растенијата, растителните производи и други објекти.

(2) Ако пасошот за растенија се состои само од службена етикета, треба да ги содржи сите податоци од став (1) на овој член.

(3) Ако пасошот за растенијата се состои од службена етикета и придружен документ, службената етикета треба да ги содржи податоците наведени во став (1) точките од 1, 2,

3, 4 и 5 на овој член, а придружниот документ треба да ги содржи сите податоци наведени во став (1) на овој член.

(4) Пасошот на растенија за официјално сертифицирано семе и саден материјал, ознаката од став (1) точка 3 на овој член, треба да биде заменета со ознака на лицето кое е овластено за издавање на пасоши за растенија.

(5) Во случај кога пасошот за растенија кој го заменува фитосанитарниот сертификат, ознаката одредена во став (1) точка 3 од овој член може да биде заменета со ознака на фитосанитарната инспекција, овластена за издавање на пасоши за растенија.

(6) Кога растенијата, растителните производи и други објекти и предмети од Листата V дел А се увезени од трети земји и се предмет на фитосанитарна инспекција на место на влез, фитосанитарниот инспектор треба да го задржи фитосанитарниот сертификат и да издаде пасош за растенија за пратката на образецот даден во Прилогот 4, кој е составен дел на овој правилник.

(7) Во пасошот за растенија може да бидат наведени и информациите согласно прописите за маркетинг - продажба на семе и саден материјал на земјоделски растенија и шумски репродуктивен материјал, како и други информации заради продажба, доколку се обезбеди нивно јасно одвојување од податоците од став (1) на овој член,

(8) Содржината на пасошот за растенија е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

(1) Податоците во пасошот за растенија можат во целост да се испечатат. Доколку службените етикети однапред се испечатени, податоците кои недостасуваат се печатат или рачно се впишуваат со големи печатни букви.

(2) Ботаничките имиња на растенијата и растителните производи треба да бидат отпечатени и напишани со латински имиња.

(3) Секоја натамошна измена или бришење на податоците го прави пасошот за растенија неважечки.

## V. Форма, содржина, начинот и роковите за известување, како и временските периоди за чување на документите на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети

### Член 10

(1) Производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои издаваат пасоши за растенија треба да ја известат Фитосанитарната управа во рок од 14 дена пред планираните промени во поглед на условите за издавање на пасоши за растенија, за видот, формата и содржината на пасошите за растенија, како и за активности од член 48 став (1) алинеја 2 од Законот за здравјето на растенијата.

(2) Известувањето од став (1) на овој член се доставува на образец кој е даден во Прилог 5 кој е составен дел од овој правилник.

(3) Образецот на известувањето од став (1 ) на овој член се издава во А4 формат во бела боја.

(4) Производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети кои издаваат пасоши за растенија треба да ги чуваат документите најмалку три години сметано од денот на издавањето на истите.

## VI. Времетраењето на чувањето пасоши од купувачите на растенија, растителни производи и други објекит и предмети

### Член 11

(1) Купувачите или примателите од комерцијалното призводството или преработка или при понатамошна дистрибуција на примените растенија, растителни производи и други објекти и предмети придружени со пасош за растенија, треба да ги чуваат сите видови на пасош за растенија најмалку една година сметано од датумот на купување.

(2) Ако пасошот за растенија се состои од службена етикета и придружен докумеет, треба да се чува само придружниот документ, доколку ги содржи податоците наведени во член 8 од овој правилник.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија, пасошот за растенија ќе ја носи ознаката: “ Пасош за растенија - ЕУ“.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2012.

Бр.1763/12
Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Љупчо Димовски, с.р

30август2010
година Скопје

ПРИЛОГ 1

**ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ ЗА РАСТЕНИЈА**
ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИКОТ И ЛИЦЕТО ОДГОВОРНО ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

**I. 1. Единствен регистарски број на сопственикот**

**2. Број на решение за упис во Регистарот**:

**3. Дата**:____________________________
/При прв упис пополнува Фитосанитарната управа/

**4.Службена забелешка**:______________________

☐ **Прв упис** ☐ **Изменување или дополнување** ☐**Бришење**

1а ☐ производител ☐ преработувач ☐ трговец/дистрибутер ☐ увозник

1б ☐ земјоделец ☐ самостоен стопанственик ☐ правно лице

☐ /во квадратчето означете ја дејноста со Х /

**II. 1.** Сопственик на растенијата: ____________________________________
/ име и презиме /
____________________________________
/ назив на фирмата/

2. Единствен матичен број на граѓанинот: ____________________________
(пополнува физичкото лице и самостојниот стопанственик)
3. Број од Централен регистар: ______________________ единица во состав __________
/деловен субјект и самостоен стопанственик /
4. Даночен број: ______________________
5. Адреса: улица и број: ______________________________
6. Општина: __________________ Пошта: ____________________
7. Населба:____________________
8. телефон: __________________ моб:____________________
9. На адресата вршам барем една од дејностите според шифрарникот ☐ ДА ☐ НЕ
10. Дејност вршам и на други локации ☐ ДА ☐ НЕ

**III. Евиденциски број на лицето одговорно за здравјето на растенијата**: __________________
/При прв упис пополнува Фитосанитарната управа/

**IV. 1. Лице одговорно за здравјето на растенијата**: ______________________________
/име и презиме /
______________________________
/ назив на фирмата/
(внесете ги податоците за лицето одговорно за здравјето на растенијата, ако тоа не е самиот сопственик)
2. Единствен матичен број на граѓанинот:______________________
3. Даночен број: ______________________
4. Адреса: улица и број: ______________________________
5. Општина: __________________ Пошта:____________________
6. Населба:____________________
7. телефон: ______________________ моб: __________________
8. Лице одговорно за здравјето на растенијата:

☐ сопственик ☐ редовен работен однос ☐ времено вработен /по договор/ ☐ кооперација
Назив на фирмата кооперант:______________________ ФИТО-МИБ:________________
(пополнува ФУ)
☐/во квадратчето со Х означете ги податоците за лицето одговорно за здравјето на растенијата/

ПРИЛОГ 1

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА МЕСТОТО НА ПРОИЗВОДСТВО

**V.Пријава**/на местото/единицата на производство број:___________________од вкупно _________
**Одјава**/на местото/единицата на производство број:___________________од вкупно _________
Број ФИТО-МИБ или ЗМС-МИБ______________________________
Дата :____________________

☐ локација на производство ☐ локација на преработка ☐ склад

☐ дистрибуциски центар ☐ продажно место

☐ /во квадратчето со X означете го видот на место на производство /

1.1. Адреса улица и број: ___________________________________________
2. Општина: ________________________ Пошта: __________________________
3. Населба:__________________________
4. телефон: ______________________________ моб: ________________________

**2.** Покриен простор на адресата од точката 1, во кој се произведуваат, преработуваат, дистрибуираат, складираат,продаваат или увезуваат растенија наведени во Листа V. дел А:

| Вид просторија | ☐ стакленик | ☐ пластеник | ☐ склад | ☐ друго__________ |
|---|---|---|---|---|
| КО / КП број | | | | |
| Површина ($м^2$) | | | | |

**3**.Земјоделско земјиште на адресата од точката 1., на кое се произведуваат, преработуваат, дистрибуираат, продаваат или увезуваат растенија од Листа V. дел А:

| Вид на земјиште | ☐ нива | ☐ траен насад | ☐друго______________ |
|---|---|---|---|
| КО / КП број | | | |
| Површина (ха, ар, $м^2$) | | | |

**4.** Група/и на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на кои се однесува дејноста:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ☐ | Саден материјал[1] во овоштарството | ☐ | Саден материјал од едно- или двегодишни украсни растенија |
| ☐ | Саден материјал на виновата лоза | ☐ | Саден материјал од дрвенасти украсни растенија |
| ☐ | Саден материјал на хмељот | ☐ | Саден материјал од шумски растенија |
| ☐ | Семенски компир | ☐ | Саксиско украсно цвеќе |
| ☐ | Компир за јадење | ☐ | Режано цвеќе |
| ☐ | Саден материјал од сите видови на репка, блитва и цвекло | ☐ | Почва и подлога за одгледување |
| ☐ | Семе за земјоделски растенија | ☐ | Дрво односно кора од дрво |
| ☐ | Саден материјал во градинарството | ☐ | Плодови |

[1]Како саден материјал се сметаат садници, калеми, подлога за калемење, расад, ризоми, кртоли и луковици
/во квадратчето со X означете ја соодветната група/

**VI.** Лице одговорно за здравјето на растенијата на местото на производство од точката 1.
☐ е наведено во поглавјето IV ☐ не е наведено во поглавјето IV.
1. Лице одговорно за здравјето на растенијата кое не е наведено во поглавјето IV

______________________________ ______________________________
/име и презиме / / име на фирмата/

2. Даночен број: ________________________
3. Адреса улица и број: ___________________________________________
4. Општина: ________________________ Пошта: __________________________
5. Населба:__________________________
6. телефон: ______________________________ моб: ________________________

Со потпис гарантирам за точноста на податоците

Дата:______________

______________________________
Потпис и печат на сопственикот

ПРИЛОГ 1

I. Назив на сопственикот на растенијата ______________________________________________
/име и презиме/
Регистарски број на сопственикот ________________ ФИТО-МИБ или ЗМС-МИБ ________________________

1.Барање за издавање на: (со X означете го соодветниот вид)
☐ пасоши за растенија ☐ замена на пасоши за растенија (RP) ☐ пасоши за растенија за заштитени зони (ZP)

2. ☐ прво барање ☐ дополнување на барањето ☐ барање за одземање на овластувањето

**II.** Сопственик сум на растенија, и за нивно движење е потребно издавање на пасош за растенија:
/во квадратчето означете го соодветниот вид со X/

Саден материјал (1)
- ☐ *Amelanchier* Med.
- ☐ *Beta vulgaris L.*
- ☐ *Chaenomeles Lindl.*
- ☐ *Citrus L.* и хибриди
- ☐ *Cotoneaster Ehrh.*
- ☐ *Crataegus L.*
- ☐ *Cydonia Mill.*
- ☐ *Eriobotrya Lindl.*
- ☐ *Fortunella Swingle* и хибриди
- ☐ *Humulus lupulus L.*
- ☐ *Malus Mill.*
- ☐ *Mespilus L.*
- ☐ *Photinia davidiana (Done.) Cardot*
- ☐ *Poncirus Raf.* и хибриди
- ☐ *Prunus L.*
- ☐ *Pyracantha Roem.*
- ☐ *Pyrus L.*
- ☐ *Solanum L.* и хибриди
- ☐ *Sorbus L.*
- ☐ *Vitis L.*

Дрво, кора од дрво (1)
- ☐ *Platanus L.*

Плодови со листови и дршки (1)
- ☐ *Citrus L.* и хибриди
- ☐ *Fortunella Swingle* и хибриди
- ☐ *Poncirus Raf.* и хибриди

Саксиско цвеќе (2)
- ☐ *Araceae*
- ☐ *Marantaceae*
- ☐ *Musaceae*
- ☐ *Persea Mill.*
- ☐ *Strelitziaceae*

Растенија домаќини на *P. ramorum*(5)
- ☐ *Rhododendron*
- ☐ *Viburnum*
- ☐ *Camellia*

Саден материјал (2)
- ☐ *Abies Mill.*
- ☐ *Allium ascalonicum L.* (вкл.семе)
- ☐ *Allium cepa L.* (вкл.семе)
- ☐ *Allium porrum L.*
- ☐ *Allium schoenoprasum L.* (вкл.семе)
- ☐ *Apium graveolens L.*
- ☐ *Argyranthemum L.*
- ☐ *Aster L.*
- ☐ *Brassica L.*
- ☐ *Castanea Mill.*
- ☐ Capsicum L.
- ☐ *Cucumis L.*
- ☐ *Dendranthema (DC.)*
- ☐ *Dianthus L.* и хибриди
- ☐ *Exacum L.*
- ☐ *Fragaria L.*
- ☐ *Gerbera Cass.*
- ☐ *Gypsophila L.*
- ☐ *Impatiens L.* новогвин. хибриди
- ☐ *Lactuca L.*
- ☐ *Larix Mill.*
- ☐ *Leucanthemum L.*
- ☐ *Lupinus L.*
- ☐ *Pelargonium L'Herit. ex Ait*
- ☐ *Picea A. Dietr*
- ☐ *Pinus L.*
- ☐ *Platanus L.*
- ☐ *Populus L.*
- ☐ *Prunus laurocerasus L.*
- ☐ *Prunus lusitanica L.*
- ☐ *Pseudotsuga Carr.*
- ☐ *Quercus L.*
- ☐ *Rubus L.*
- ☐ *Solanaceae*
- ☐ *Spinacia L.*
- ☐ *Tanacetum L.*
- ☐ *Tsuga Carr.*
- ☐ *Verbena L.*
- ☐ *Lycopersicon lycopersicum L.*
- ☐ *Nicotiana tabacum L.*
- ☐ *Oryza L.*
- ☐ Останати зелјести растенија

Саден материјал (3)
- ☐ *Camassia Lindl.*
- ☐ *Chionodoxa Boiss.*
- ☐ *Crocus flavus 'Golden Yellow'*
- ☐ *Galanthus L.*
- ☐ *Galtonia candicans*
- ☐ *Gladiolus callianthus Marais*
- ☐ *Gladiolus colvillei Sweet*
- ☐ *Gladiolus nanus hort.*
- ☐ *Gladiolus ramosus hort.*
- ☐ *Gladiolus tubergenii hort.*
- ☐ *Gladiolus spp.* минијатурни видови
- ☐ *Hyacinthus L.*
- ☐ *Iris L.*
- ☐ *Ismene Herbert*
- ☐ *Muscari Miller*
- ☐ *Narcissus L.*
- ☐ *Ornithogalum L.*
- ☐ *Puschkinia Adams*
- ☐ *Scilla L.*
- ☐ *Tigridia Juss*
- ☐ *Tulipa L.*

Дрво и кора од дрво (4)
- ☐ *Coniferales* – иглолисни

Растенија наменети за садење (4)
- ☐ *Begonia L.*
- ☐ *Euphorbia pulcherrima Willd.*
- ☐ *Ficus L.*
- ☐ *Hibiscus L.*

Семе (4)
- ☐ *Beta vulgaris L.*
- ☐ *Dolichos Jacq.*
- ☐ *Gossypium L.*
- ☐ *Helianthus annuus L.*
- ☐ *Lycopersicon lycopersicum L.*
- ☐ *Medicago sativa L.*
- ☐ *Phaseolus L.*

Др. растенија од Листите IV.А. и V.Б
- ☐ Увозник на други растенија

ПРИЛОГ 1

ИЗЈАВА НА СОПСТВЕНИКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ

**III.** Изјава на сопственикот на растенијата, кој е внесен во Регистерот и поднесува барање за да добие овластување за издавање на пасоши за растенијата

Долу потпишаниот ______________________________ изјавувам дека
/име и презиме/
сум запознат со Законот и прописите во подрачјето на здравјето на растенијата и обврските кои произлегуваат од истите, и молам да ми се издаде овластување за издавање на пасоши за растенијата
☐ /во квадратчето означете го со X соодветното/

1. Растенијата и растителните производи ги:

☐ Продавам на мало ☐ Продавам на големо ☐ Увезувам

**2.** Продажба на растенијата и растителните производи

а. Непосредно на правни или физички лица:
☐ кои не се комерцијални производители
☐ кои се комерцијални производители
☐ кои се занимаваат со (понатамошна) дистрибуција и тоа: ☐ со продажба на мало ☐ со продажба на големо ☐ со уредување на паркови и градини

б. Произведените растенија ги продавам преку задруга или друг деловен субјект ☐ НЕ ☐ ДА

в. Растенијата и растителните производи ги продавам:

☐ На местото на производство ☐ На пазар ☐ Во сопствен дуќан

г. Растенијата и растителните производи ги продавам:

☐ внатре во Македонија ☐ во држави членки на ЕУ
☐ во држави кои не се членки на ЕУ ☐ во заштитени зони во ЕУ

**3.** Означените растенија и растителни производи ги набавувам:

☐ од македонски производители односно дистрибутери
☐ од држави членки на ЕУ
☐ од други држави и тоа:______________________________

**4.** Организирам производство/откуп на растенија и растителни производи означи
☐ ДА ☐ НЕ

Со потпис гарантирам за точноста на податоците

Дата:____________________

______________________________
Потпис и печат на сопственикот

ПРИЛОГ 2

**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**Ф И Т О С А Н И Т А Р Н А   У П Р А В А**

# ЕВИДЕНЦИЈА

## на лица кои издаваат пасоши за растенија

ПРИЛОГ 2

| 1.Реден број | 2.Единствен регистарски број на сопственикот | 3.Сопственик на растенијата - име , презиме и адреса или назив и седиште на трговското друштво | 4.Матичен идентификациски број кој се однесува на секое место на производство (МИБ). - земјоделско или шумско стопанство (ЗМС- МИБ), - производна единица од земјоделско или шумско стопанство (ФИТО - МИБ), и - други локации | 5.- Бројот на катастарската општина на местото на производство - Број на КП парцела. | 6.Евиденциски број на лицето одговорно за здравјето на растенијата | 7.Лице одговорно за здравјето на растенијата – име и презиме или назив на фирмата | 9.Вид на пасош: □ пасоши за растенија □ пасоши за растенија за заштитени зони (ZP) | 9.Име на заштитената зона ZP - (Zona Protecta) | 10.Вид на семенски или саден материјал (ботаничко име) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

ПРИЛОГ 3

## Пасош за растенија

| | |
|---|---|
| **1. Пасош за растенија на Република Македонија**<br>**2.** Код на држава **(МК)**<br>**3.**Ознака на одговорниот службен орган **(„Фитосанитарна управа - МЗШВ“**или **„PHYTOSANITARY ADMINISTRATION - MAFWE“)**.<br>**4.** Регистерски број на сопственикот<br>**5.** Сериски, неделен или број на партија<br>**6.** Ботаничко име<br>**7.** Количина<br>**8. ZP –** (пасош за растенија важечки за определена заштитена зона и нејзината ознака)<br>**9. RP –** ознака за замена на пасошот за растенија<br>**10.** Потекло на увезените пратки на растенијата, растителните производи и други објекти | **-ЕДНОДЕЛЕН** (етикета која ги содржи сите податоци од 1. до 10.)<br>**-ДВОДЕЛЕН** (етикета + придружен документ)<br>- ЕТИКЕТА (ги содржи податоците од 1-5).<br>- ПРИДРУЖЕН ДОКУМЕНТ (ги содржи сите податоци од една или повеќе етикети и други пропишани податоци)<br>Придружен документ може да биде секој документ кој го издава сопственикот за подготвена пратка (сметка, доставница, товарен лист….)<br>Податоците во придружниот документ може да бидат збирни (со повеќе видови на растенија, сорти или партии), и се наменети за еден примател. |

**Б. Спојување на пасошот за растенија со службена етикета:**

**1. Службена етикета** со елементи од пасош за растенија за **семенски компир** која ја издава органот за маркетинг – ( институт) со соодветна (форма, големина, минимум 110 x 67 мм, боја – според ЕУ директивата за маркетинг на семенски компир, зависно од категоријата: бела со виолетова линија за предосновно семе, бела боја за основно семе, и плава боја за сертифицирано семе):

**XXX-МАКЕДОНИЈА**
'Правила и стандарди на МК
СЕРТИФИЦИРАНО СЕМЕ
**Сорта:** ULSTER SCEPTRE
**Партија:400202/5 Степен: А**
**Дата на затварање: 14.01.2010**
**Година на производство: 2008**
**Големина во мм: 28-40**
**Третирано со: IPRODIN**
**СЕМЕТО Е ОТРОВНО: НЕ Е ЗА ИСХРАНА НА ЛУЃЕТО**

**1.ПАСОШ ЗА РАСТЕНИЈА** на Република Македонија
**2.** МК
**3.Фитосанитарна управа** 4.Рег.бр:ФИТО-123456
**5. Партија: 400202/5**
**6. Вид:** КОМПИР (Solanum tuberosum L.)
**Тип 2** 351878 **7. 25 кг**

**2. Службена етикета** со елементи од пасош за растенија за лозови калеми од категорија **стандарден материјал,** која ја издава снабдувачот- добавувачот (форма, големина: минимум 110 x 67 мм за калеми, подлоги за калемење; минимум 80 x 70 мм за вкоренети лозови калеми и корењаци, боја: темно румена):

**1.Пасош за растенија на Република Македонија**
Стандарди МК
**2.Држава на производство: МК**
**3. Фитосанитарна управа - МЗШВ**
**4. Рег.бр: ФИТО-125498**

**6.Вид:ВИНОВА ЛОЗА(Vitis vinifera)**

| | |
|---|---|
| **Сорта:** | **Молдавија** |
| **Подлога:** | SO4 |
| **7.Бр. на калем:** | 25 |
| **5.Бр. на партија:** | 98730/4 |
| **Категорија:** | **СТАНДАРД** |

**xxxx д.о.о., xxxx,**

**3. Етикета со основните податоци (1-5) и придружен документ (товарен лист):**
* Збирен број: број на сметката или доставницата од придружниот документ на кој се другите податоци (допишани рачно на етикетата). Податокот овозможува следливост според евиденцијата на производителот.

**ПРИДРУЖЕН ДОКУМЕНТ- ТОВАРЕН ЛИСТ**

Садници доо, Скопје
Булевар Партизански оддреди бб
**4**. Рег. Бр: 901523

Дата: 10.05.2009

**7.** Доставница бр: 21/2004*

Примател: Расадник xxxx Куманово

| | |
|---|---|
| **6.***Садници пиперка (*Capsicum a.*) Bianca | **5.**1500 парче |
| *Садници пиперка (*Capsicum a.*) Šorokšari | **5.** 500 парче |
| *Садници пиперка (*Lycopersicon e.*) Baron | **5.** 250 парче |
| *Садници лук (*Allium porru*m) Elefant | **5.** 560 парче |
| *Садници салата (*Lactuca sativa*) Leda | **5.** 780 парче |

**1**.Пасош за растенија на Република Македонија; **2.** МК;
3.ФУРМ-МЗШВ

ПРИЛОГ 4

**ОБРАЗЕЦ НА ПАСОШОТ ЗА РАСТЕНИЈА КОЈ ГО ИЗДАВА ФИТОСАНИТАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА**

1. ПАСОШ ЗА РАСТЕНИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2. МК
3. Фитосанитарна инспекција:__________________________________
4. Регистарски број на увозникот:______________________________
5. Држава во која увозникот е регистриран:_________________________

| 6.Реден број | 7.Број на фитосертификатот | 8.Ботаничко име | 10.Количество | 11.Тип на пасош за растенија | | 12.Земја на потекло |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ПЗР (Plant passport) | ПЗЗ (Zona Protecta) | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

9.RP - ЗАМЕНА НА ПАСОШОТ ЗА РАСТЕНИЈА

Фитосанитарната инспекција е извршена во целост.

Дата на издавање:______________________ ____________________________________

Печат и потпис на фитосанитарниот инспектор

ПРИЛОГ 5

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ФИТОСАНИТАРНАТА УПРАВА

Сопственик на растенијата: ________________________________________
/ име и презиме /

______________________________________________________
/ назив на фирмата/

**Единствен регистарски број на сопственикот** | | | | | | |

1.Известување се врши заради промените:

☐ на видот растенија, растителни производи и други објекти и предмети,
☐ условите за издавање на пасоши за растенија,
☐ за видот, формата и содржината на пасошите за растенија.

2. Опис на промените

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Дата :____________________

______________________________
Печат и потпис на сопственикот